SPARKASSE Bank

Дијана Рикаловска
Директор
Служба Контрола за усогласенот
со прописи
ул. Македонија бр. 34
1000 Скопје
www.sparkasse.mk
Тел. : +389 2 3200 500
Факс.:+389 2 3200 515
dijana.rikalovska@sparkasse.mk

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА
АД Скопје

ул. Македонија бр. 34
1000 Скопје
www.sparkasse.mk
Тел. : +389 2 3200 500
Факс.:+389 2 3200 515
contact@sparkasse.mk
SWIFT: INSBMK22

До
Министерство за
финансии
Даме Груев бр.12
1000 Скопје,
Република Северна
Македонија

Дата: 15.05.2020
Архивски бр. 18746/1

Предмет: Известување согласно Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови на физички лица

Почитувани,

Согласно членот 6 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови на физички лица, доверителите во приватна сопственост доброволно треба да донесат одлука за тоа дали ќе ги применат одредбите од овој закон или не и за истото да достават информација до Министерството за финансии. Дополнително, носителите на платен промет треба доброволно да одлучат дали ќе го намалат или ќе се откажат од наплата на трошок за деблокада на сметките на лицата чиишто долгови ќе бидат отпишани.

Со овој допис ве информираме дека Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје нема да прифати примена на одредбите од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови на физички лица, на групна основа.

Со цел донесување на издржана и сеопфатна одлука, а по извршена анализа на релевантните побарувања на групна основа, Банката во спроведување на редовните активности за отпис и репрограмирање на побарувања нема да гиземе во предвид само критериумите наведени во законот, односно побарувања со пресечен датум, туку, поаѓајки од принципот на финансиска дисциплина, ќе спроведува индивуална анализа на можностите за отплата на побарувањата и секаде каде што, согласно интерните политики и процедури, ќе утврди неможност за плаќање, посебно во случаи на социјално ранливи категории ќе донесе индивидуални одлуки за отпис и репрограмирање на побарувањата.

По спроведена анализа на потребните ресурси и трошоци за имплементација, Банката не гледа можност за намалување, односно откажување од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно со одредбите од Законот, посебно затоа што Банката при ваквите постапувања подлежи на материјални трошоци.

Во секој случај, Банката продолжува со редовно индивидуално реструктуирање на побарувањата и изнаоѓање на најповолни решенија за измирување на обврските на клиентите, во рамките на законските можности и интерни процедури.

Во прилог на овој допис ви доставуваме: Одлука бр.18399/ 1- 2 од 13.05.2020 година.

Со почит,

Дијана Рикаловска
Директор
Служба Контрола на усогласеност со прописи
Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

| SPARKASSE Bank | УПРАВЕН ОДБОР | Бр.: 18399/1-2 |
|---|---|---|
| | | Датум: 13.05.2020 |
| | | Стр. 1/2 |

До: УПРАВЕН ОДБОР НА ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Од: Сектор за наплата и управување со колатерали/ Служба Контрола на усогласеност со прописи

*****

Врз основа на член 68 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Управниот одбор на Банката, донесе

**ОДЛУКА**
**Согласно Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови на физички лица (Сл. Весник на РСМ бр. 31/2020)**

1. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје нема да прифати примена на одредбите од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови на физички лица, на групна основа, имајќи го предвид потребниот обем на ангажман на ресурси за спроведување на отпис на групна основа.
2. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, во улога на носител на платниот промет, во моментов не гледа можност за да спроведе намалување, односно откажување од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно со одредбите од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови на физички лица.
3. Банката на поединечна основа, редовно ги разгледува барањата за отпис и репрограмирање на долгови на клиентите - физички лица според нивните финансиски состојби и семејни финансиски можности и согласно интерните политики и процедури, по спроведена анализа, спроведува активности за отписи и репрограмирање на долгови на индивидуална основа.
4. За оваа Одлука ќе се извести Министерство за финансии и Народна Банка на Р.Северна Македонија, со соодветна информација.
5. Одлуката стапува на сила на денот на донесување.

**Образложение**

Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови на физички лица е објавен во Сл. Весник 31/2020 и стапи во сила на 18.02.2020 година. Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за отпишување на пресметани камати, како и за репрограмирање на главниот долг и трошоците кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите согласно со Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) заклучно со 31 декември 2011 година, како и предметите кои се дадени за извршување за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности и сродни дејности пред извршителите заклучно со 31 декември 2017 година. Согласно одредбите на Законот, се предлага отпис на генерална групна основа, без да се земе во предвид индивидуалната материјална состојба, обемот на приходи и финансиски можности за отплата на индивидуална основа. Со овој групен

пристап се загрозува принципот на финансиска дисциплина, кој е еден од клучните фактори за стабилност на економскиот и финансискиот сектор.
Согласно членот 6 од Законот, доверителите во приватна сопственост доброволно треба да донесат одлука за тоа дали ќе ги применат одредбите од овој закон или не и за истото да достават информација до Министерството за финансии. Дополнително, носителите на платен промет треба доброволно да одлучат дали ќе го намалат или ќе се откажат од наплата на трошок за деблокада на сметките на лицата чиишто долгови ќе бидат отпишани.
Со цел донесување на издржана и сеопфатна одлука, а по извршена анализа на релевантните побарувања на групна основа, Банката во спроведување на редовните активности за отпис и репрограмирање на побарувања нема да ги земе во предвид само критериумите наведени во законот, односно побарувања со пресечен датум, туку, поаѓајќи од принципот на финансиска дисциплина, ќе спроведува индивуална анализа на можностите за отплата на побарувањата и секаде каде што, согласно интерните политики и процедури, ќе утврди неможност за плаќање, посебно во случаи на социјално ранливи категории ќе донесе индивидуални одлуки за отпис и репрограмирање на побарувањата. Понатаму, по спроведена анализа на потребните ресурси и трошоци за имплементација, Банката не гледа можност за намалување, односно откажување од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно со одредбите од Законот, посебно затоа што Банката при ваквите постапувања подлежи на материјални трошоци.

Во секој случај, Банката продолжува со редовно индивидуално реструктуирање на побарувањата и изнаоѓање на најповолни решенија за измирување на обврските на клиентите, во рамките на законските можности и интерни процедури.
Согласно Законот, за оваа Одлука ќе се извести Министерството за финансии и Народна банка на Р.С. Македонија, со соодветна информација.

Предлагач:

Сектор за наплата и управување со колатерали
Директор
Златица Трпеска Цивкароски

Служба Контрола на усогласеност со прописи
Директор
Дијана Рикановска

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател
Глигор Бишев

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје